РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

УП1 Број: / Numer: 08-214
08.08.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 2 и член 20 став 1 алинеи 10[1] и 13, а во врска со член 71 став 1 алинеи 17 и 18 и член 75 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), член 15 став 1 алинеја 2, член 39 став 1 алинеи 10 и 13 и член 51 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, по спроведувањето на Јавниот конкурс за доделување дозвола за радиоемитување програмски сервис на локално ниво, објавен врз основа на Одлуката на Агенцијата за објавување јавен конкурс, Уп1 бр.08-155 од 8.5.2025 г. („Службен весник на РСМ", бр.96/25 од 14.5.2025 г.), во согласност со Извештајот од оценување на поднесената пријава Уп1 бр.08-214 од 4.8.2025 г. и Заклучокот арх.бр.02-3325/2 од 7.8.2025 г., на седмата седница одржана на 7.8.2025 г., ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за доделување дозвола за радиоемитување програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Штип

**1.** СЕ ДОДЕЛУВА дозвола за радиоемитување програмски сервис музичко радио од специјализиран формат, во кое емитуваната музика е доминантно популарна (забавна), на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Штип, на кандидатот, правното лице Трговското радиодифузно друштво „БУБА МАРА Ранко" ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. „Партизански одреди" бр. 62 - ламела Ц/мезанин влез 1, општина Карпош, Скопје.

Радиопрограмскиот сервис од ставот 1 на оваа точка ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија (АЕК), и тоа: 105.3 MHz.

**2.** Дозволата за радиоемитување на локално ниво, наведена во точка 1 на оваа Одлука, се доделува за временски период од 9 (девет) години и истата не може да се пренесува на друго лице.

**3.** По приемот на оваа Одлука за доделување дозвола, кандидатот на конкурсот, правното лице Трговското радиодифузно друштво „БУБА МАРА Ранко" ДООЕЛ Скопје, кому му е доделена дозволата од точка 1 на оваа Одлука, со оглед дека е постоен радиодифузер, треба да регистрира ново трговско радиодифузно друштво во соодветниот регистар, согласно член 77 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ).

Трговското радиодифузно друштво, кое ќе биде основано од кандидатот на конкурсот, правното лице Трговското радиодифузно друштво „БУБА МАРА Ранко" ДООЕЛ Скопје, кому му е доделена дозволата од точка 1 на оваа Одлука, ќе плаќа годишен надоместок за дозволата на сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата), за секоја тековна година почнувајќи од датумот на

---
[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

доделување на дозволата во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата. Начинот на пресметувањето, фактурирањето и наплатата на надоместокот за дозволата ги утврдува Агенцијата согласно член 80 од ЗАВМУ и согласно Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ", бр.185/14), Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите („Службен весник на РМ", бр.172/14) и Правилникот за подрачјата на емитување телевизиски и радиопрограми („Службен весник на РМ", бр.172/14).

**4.** АЕК врз основа на дозволата за радиоемитување со користење радиофреквенции издава одобрение за користење радиофреквенции согласно со Законот за електронските комуникации.

За користење на радиофреквенциите се плаќа годишен надоместок на сметката на АЕК за секоја тековна година однапред почнувајќи од датумот на важењето на одобрението за користење радиофреквенции.

**5.** Трговското радиодифузно друштво, кое ќе биде основано од кандидатот на конкурсот, правното лице Трговското радиодифузно друштво „БУБА МАРА Ранко" ДООЕЛ Скопје, кому му е доделена дозволата од точка 1 на оваа Одлука, се обврзува да почне со вршење на дејноста на 1.10.2025 година.

Во случај на непочитување на рокот за започнување со вршење на дејноста наведен во ставот 1 на оваа точка од Одлуката, Агенцијата ќе ја одземе доделената дозвола пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери.

**6.** Правното лице, наведено во точка 1 на оваа Одлука, кому му е доделена дозволата за радиоемитување, е должно во целост да ги исполнува условите и барањата на кои се обврзало во Пријавата при конкурирањето.

Агенцијата ќе изврши стручен надзор во рок од 30 (триесет) дена од истекот на триесеттиот ден од денот на започнувањето со вршење на дејноста утврден во дозволата за радиоемитување, со цел утврдување на исполнувањето на техничките услови, во согласност со дозволата за радиоемитување.

**7.** За оваа Одлука писмено да се извести кандидатот на Јавниот конкурс за доделување дозвола за радиоемитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Штип, во рок од 7 (седум) дена од денот на донесувањето на одлуката.

**8.** Оваа Одлука е конечна и се објавува во „Службен весник на РСМ" и на веб-страницата на Агенцијата.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 69 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), за програмскиот сервис на терестријално радио што се емитува преку ограничен ресурс, како што се радиофреквенции, Агенцијата ја доделува дозволата за радиоемитување по пат на јавен конкурс.

Агенцијата, согласно член 70 став 1 од ЗАВМУ, донесува одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување по службена должност или по прием на писмено барање од заинтересирана страна, во согласност со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, како и во согласност со Студијата на начин и постапка утврдени во член 70 од напредцитираниот Закон.

Советот на Агенцијата донесе Одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Штип, Уп1 бр.08-155 од 8.5.2025 г. („Службен весник на РСМ", бр.96/25 од 14.5.2025 г.), врз основа на писменото барање за доделување дозвола за радиоемитување на локално ниво, на подрачјето на општина Штип, од заинтересирана

страна, Трговското радиодифузно друштво „БУБА МАРА Ранко“ ДООЕЛ Скопје (арх.бр.08-522/1 од 3.2.2025 г.). Известувањето доставено од АЕК во врска со барањето информација за слободни фреквенции за емитување радиопрограма на подрачјето на општина Штип, арх.бр.0805-376/2 од 12.2.2025 г. (наш арх.бр.08-432/3 од 24.2.2025 г.), а во согласност со изработената Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Штип (арх.бр.03-1928/1 од 29.4.2025 г.).

Краен рок за доставување пријави за учество на предметниот јавен конкурс беше до 14.7.2025 г., односно кандидатите на конкурсот требаше да поднесат пријава во рок од 60 (шеесет) дена, сметано од првиот нареден ден од денот на објавувањето на одлуката во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Заклучно до 14.7.2025 г. (крајниот рок за доставување пријави), до Агенцијата беше доставена 1 (една) пријава со придружна документација за доделување дозвола за радиоемитување програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Штип, на 14.7.2025 г. од страна на кандидатот, правното лице ТРД „БУБА МАРА Ранко“ ДООЕЛ Скопје (Уп1 бр.08-214).

Јавното отворање на доставената Пријава за учество на јавниот конкурс од горенаведениот кандидат се одржа 1 (една) недела по истекот на рокот за поднесување на пријавите, односно на 22.7.2025 г., со што поднесената пријава беше разгледувана од аспект на тоа дали истата е уредна, навремена и комплетна, односно дали ги содржи сите документи утврдени во член 73 став 3 од ЗАВМУ, а кои се однесуваат за кандидат - правно лице, за кое се водеше Записник од јавното отворање (Уп1 бр.08-214 од 22.7.2025 г.)

Во периодот од 23.7.2025 г. до 30.7.2025 г., од страна на надлежните сектори во Агенцијата се пристапи кон оценување на Пријавата по предметниот јавен конкурс (Уп1 бр.08-214 од 14.7.2025 г.) поднесена од страна на кандидатот, правното лице ТРД „БУБА МАРА Ранко“ ДООЕЛ Скопје. Доставената пријава во утврдениот рок беше оценувана од страна на надлежните сектори во Агенцијата, според критериумите за оценување утврдени во табелата во точка 5 од Одлуката УП1 бр.08-155 од 8.5.2025 г. за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување програмски сервис на локално ниво. Секторот за програмски работи ги оцени критериумите од точка 1, точка 2, точка 3, точка 4 и точка 7 од табелата; Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права го оцени критериумот од точка 5 од табелата; Секторот за финансии и логистика го оцени критериумот од точка 9 од табелата и Секторот за информатичка поддршка и општи работи ги оцени критериумите од точка 6, точка 8 и точка 10 од табелата, при што беше констатирано дека Пријавата Уп1 бр.08-214 од 14.7.2025 г. од кандидатот, правното лице ТРД „БУБА МАРА Ранко“ ДООЕЛ Скопје е уредна и се пристапи кон оценување и бодување на истата.

Па така, Секторот за програмски работи (СПР) во придонесот доставен на 29.7.2025 г., констатираше дека пријавата на кандидатот, правното лице ТРД „БУБА МАРА Ранко“ ДООЕЛ Скопје, ги содржи сите три документи од програмски аспект. Потоа дека според доставените податоци, радиото ги исполнува програмските услови од Конкурсната документација за музичко радио од специјализиран формат, во кое емитуваната музика е доминантно популарна (забавна) и ќе биде застапена со повеќе од 70 %, кое ќе ја емитува програмата на македонски јазик (Во Програмскиот концепт е наведено дека 97 % од вкупно емитуваната музика на неделно ниво ќе биде популарна (забавна), а 73 % од емитуваната музика ќе биде поп-музика. Говорниот дел ќе изнесува 1,95% од вкупно емитуваната програма во текот на една седмица. Според Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите, музичко радио треба да има до 5% говорни содржини неделно. Исто така, според податоците, програмата и дел од музиката ќе се емитуваат на македонски јазик. СПР посочи дека постои извесна неусогласеност меѓу податоците од Програмскиот концепт и од Програмската шема, но дека тоа не влијае на исполнувањето на програмските услови од Конкурсната документација, по што пристапи кон бодување на пријавата, и тоа во: точка 1 од табелата - *Застапеност на програма произведена од страна на самиот радиодифузер (in-house production) во текот на неделата*, како образложение за исполнување на овој критериум наведе дека предвидената застапеност на програма произведена од страна на самиот радиодифузер во говорниот дел од програмата, во текот на неделата, е 100%, колку што е и траењето на говорниот дел (3 часа и 10 минути); точка 2 од табелата -

*Квалитет, жанровска и тематска разновидност на содржините*, како образложение за исполнување на овој критериум наведе дека во говорниот дел од програмата е прикажано дека ќе бидат застапени 9 видови програми коишто ги исполнуваат сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна функција); точка 3 од табелата - *Застапеност на програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура*, како образложение за исполнување на овој критериум наведе дека кандидатот прикажал во Програмскиот концепт дека радиото на годишно ниво ќе емитува 11 часови програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура, а дека е планирано и 30 % од вкупно емитуваната музика во текот на денот да биде инструментална музика од македонски автори, вокална и/или вокално инструментална музика на македонски јазик; точка 4 од табелата - *Застапеност на информации и содржини во говорниот дел од програмата од значење за подрачјето во кое ќе се емитува програмскиот сервис (информации од локален карактер), во текот на неделата*, за овој критериум е констатирано дека не е исполнет, поради што не се доделени бодови, а како образложение за тоа е наведено дека во текот на неделата, во говорниот дел од програмата е предвидено да се емитуваат вкупно 45 минути информации и содржини од значење за подрачјето во кое ќе се емитува програмскиот сервис (информации од локален карактер), со што не е исполнет минимумот за емитување најмалку 1 час информации од локален карактер, што беше утврден во конкурсната документација, и точка 7 од табелата - *Понудено време на дневно емитувана програма*, како образложение за исполнување на критериумот наведе дека дневно е планирано да се емитуваат по 24 часа програма.

Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права (ССПЗАП), во придонесот доставен на 30.7.2025 г., констатираше дека кандидатот, правното лице ТРД „БУБА МАРА Ранко“ ДООЕЛ Скопје, ги исполнува минималните кадровски услови од точка 5 од табелата - *Број и структура на вработените потребни за вршење на дејноста*, односно го исполнува критериумот да има најмалку едно лице во редовен работен однос кое учествува во создавањето на програмата, вработено во радиодифузерот со полно работно време согласно Законот за работните односи и одговорниот уредник на програмскиот сервис да биде во редовен работен однос. При евалуација на Пријавата, ССПЗАП констатираше дека не е јасно колку лица ќе бидат вработени во радиодифузерот, ниту на кое работно место. Имено, во Деловниот план доставен кон Пријавата, во делот кој се однесува на планираната кадровска структура, наведено е дека „На почеток ќе има еден вработен со полно работно време во редовен работен однос од кои еден вработен ќе биде одговорен уредник и музички уредник на програмскиот сервис, долгогодишен медиумски работник со ВСС, а вториот ќе биде монтажер, техничар со ССП“. Од друга страна, според податоците наведени во Образецот бр. 4 – Број и структура на вработените потребни за вршење на дејноста, во редовен работен однос ќе биде само едно лице, и тоа управителот/директорот. Со оглед на тоа дека беше очигледно дека минималниот услов од едно лице во редовен работен однос е исполнет, на 24.7.2025 година, а согласно член 75 став 2 од ЗААВМУ, ССПЗАП побара појаснување од подносителот на Пријавата во однос на тоа колку лица и на кои позиции ќе бидат во редовен работен однос. На 25.7.2025 година, подносителот на Пријавата појасни дека „за почеток ќе биде вработено едно лице со полно работно време во редовен работен однос кое во исто време ќе биде управител и главен и одговорен уредник. Од аспект на ограничувањата за стекнување сопственост и недозволена медиумска концентрација, ССПЗАП констатираше дека не постојат пречки да се додели дозволата. Подносителот на пријавата има дозвола за емитување радиопрограма на регионално ниво (на подрачјето на Скопје), а Советот на Агенцијата на шестата седница, одржана на 29.7.2025 г., донесе одлука со која на овој радиодифузер му се доделува и дозвола за радиоемитување на локално ниво (на подрачјето на Прилеп). ТРД „Буба Мара“ не се јавува како основач на други трговски друштва. Во член 37 став 3 од ЗАВМУ е утврдено дека „Физичко или правно лице кое е мнозински содружник или мнозински акционер во радиодифузер кој има дозвола за обезбедување телевизиско емитување на регионално ниво, како и лице поврзано со содружник или акционер во радиодифузер кој има дозвола за обезбедување телевизиско емитување на регионално ниво може да биде мнозински содружник или мнозински акционер во најмногу уште еден радиодифузер кој има дозвола за вршење

радиодифузна дејност за телевизиско емитување на регионално ниво при што подрачјата на регионално ниво не се соседски и во уште најмногу два радиодифузера кои имаат дозволи за обезбедување телевизиско емитување на локално ниво, при што подрачјата на локално ниво не се соседски", а согласно став 6 од истиот член, „Одредбите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член соодветно се применуваат и на физичко или правно лице кое е мнозински содружник или мнозински акционер во радиодифузер кој има дозвола за обезбедување радиоемитување". Физичкото лице Ранко Петровиќ се јавува како основач и управител на ТРД „Буба Мара" и како овластено лице на здружението Центар за применети знаења и креативен развој „ПРИМА ЦЕНТАР" Скопје (ова здружение не се јавува како основач на други правни лица). Вистински сопственик на подносителот на пријавата е физичкото лице Ранко Петровиќ.

Секторот за финансии и логистика (СФЛ) во придонесот доставен на 23.7.2025 г. констатираше дека поднесените документи од страна на правното лице ТРД „БУБА МАРА Ранко" ДООЕЛ Скопје за конкурсот за подрачјето на општина Штип во однос на финансиски аспект се комплетни. Како образложение за исполнување на критериумот од точка 9 од табелата - *Понудени гаранции за финансиска способност за остварување на дејноста,* од страна на СФЛ наведено е дека кандидатот има доставено бизнис-план во кој е содржан и предвидениот финансиски план на радиото за наредните 3 (три) години, како и дека како понудени гаранции за финансиска способност за остварување на дејноста кандидатот има доставено состојба на сметка од деловна банка на правниот субјект - подносител на пријавата и кеш депозит во отворен инвестициски фонд од деловна банка. Подносителот доставил и биланс на состојба и податоци од билансот на успех за 2023 и 2024 г., при што СФЛ пристапи кон понатамошно бодување на пријавата.

Секторот за информатичка поддршка и општи работи (СИПОР) во придонесот доставен на 28.7.2025 г. констатираше дека пријавата на кандидатот – правното лице ТРД „БУБА МАРА Ранко" ДООЕЛ Скопје е уредна и пристапи кон нејзино понатамошно бодување, и тоа во точка 6 од табелата - *Технички услови за производство на програмите,* во однос на исполнувањето на овој критериум, од страна на СИПОР констатирано е дека согласно Образецот бр.2 каде што се пополнуваат техничките услови за производство на програмите, кандидатот ги исполнил бараните услови од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување; точка 8 од табелата - *Просторни услови за вршење на дејноста,* во однос на исполнувањето на овој критериум од страна на СИПОР констатирано е дека согласно Образец бр.2 каде што се претставени и просторните услови за вршење на дејноста, кандидатот ги исполнил бараните услови во согласност со Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување и точка 10 од табелата - *Понуден рок на започнување со вршење на дејноста,* во однос на исполнувањето на овој критериум, од страна на СИПОР констатирано е дека кандидатот во пријавата како рок на започнување со вршење на дејноста навел 1.10.2025 г., што значи до 3 (три) месеци од денот на издавање на дозволата.

Врз основа на извршеното оценување и бодување на Пријавата за учество на јавниот конкурс на кандидатот, правното лице ТРД „БУБА МАРА Ранко" ДООЕЛ Скопје, вкупниот број доделени бодови изнесува 85 бода, како што е наведено во Извештајот од оценување на пријавата изготвен од страна на Агенцијата Уп1 бр.08-214 од 4.8.2025 г. и беше констатирано дека Пријавата Уп1 бр.08-214 од 14.07.2025 г., поднесена од страна на единствениот кандидат, правното лице ТРД „БУБА МАРА Ранко" ДООЕЛ Скопје, ги исполнува условите утврдени во јавниот конкурс согласно Одлуката на Агенцијата за објавување јавен конкурс, Уп1 бр.08-155 од 8.5.2025 г. („Службен весник на РСМ", бр.96/25 од 14.5.2025 г.).

Заради правилно утврдување на фактите при донесување на одлуката за доделување дозвола за радиоемитување програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Штип, односно за да се утврди дали постојат законски пречки на подносителот на пријавата да му се додели дозвола за радиоемитување, Агенцијата на 28.7.2025 г. преку Интернет-дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РСМ, обезбеди документи од кои е видно на кои трговски друштва се јавува како основач/сопственик правното лице ТРД „БУБА МАРА Ранко" ДООЕЛ Скопје и физичкото лице Ранко Петровиќ, и тоа: „Информација за поврзани субјекти (овластени лица,

органи на управување, сопственици во други субјекти - тековна состојба“, бр.0820-50/150020250284398, бр.0820-50/150020250284411 и бр.0820-50/150020250284456, сите од 28.07.2025 г., како и „Тековна состојба за физичко лице – вистински сопственик“ бр.2007-50/150020250284419 од 28.7.2025 г., при што беше констатирано дека не се прекршуваат одредбите од Глава IV од ЗАВМУ.

Во врска со Извештајот од оценување на поднесената пријава за учество на јавниот конкурс за доделување дозвола за радиоемитување на локално ниво Уп1 бр.08-214 од 4.8.2025 г., овластеното лице од страна на директорот на Агенцијата, до Советот на Агенцијата достави Предлог Уп1 бр.08-214 од 5.8.2025 г., за донесување одлука за доделување дозвола за радиоемитување програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Штип, на кандидатот, правното лице ТРД БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул.„Партизански одреди“ бр.62-ламела Ц/мезанин влез 1, општина Карпош, Скопје.

Следствено на сето погоренаведено, Советот на Агенцијата врз основа на член 18 став 1 алинеја 2 и член 20 став 1 алинеи 10 и 13, а во врска со член 71 став 1 алинеи 17 и 18 и член 75 од ЗАВМУ, член 15 став 1 алинеја 2, член 39 став 1 алинеи 10 и 13 и член 51 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.7.2019 г., по спроведувањето на Јавниот конкурс за доделување дозвола за радиоемитување програмски сервис на локално ниво, објавен врз основа на Одлуката на Агенцијата за објавување јавен конкурс, Уп1 бр.08-155 од 8.5.2025 г. („Службен весник на РСМ“, бр.96/25 од 14.5.2025 г.), во согласност со Извештајот од оценување на поднесената пријава Уп1 бр.08-214 од 4.8.2025 г. и Заклучокот арх.бр.02-3325/2 од 7.8.2025 г., на седмата седница одржана на 7.8.2025 г., донесе Одлука како во диспозитивот, која е конечна и по нејзиното донесување ќе се објави во „Службен весник на РСМ“ и на веб-страницата на Агенцијата.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Учесникот на Конкурсот за доделување дозвола за радиоемитување програмски сервис на локално ниво, објавен врз основа на Одлуката Уп1 бр.08-155 од 8.5.2025 г. („Службен весник на РСМ“, бр.96/25 од 14.5.2025 г.), доколку е незадоволен од Одлуката, има право во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката да поднесе тужба до Управниот суд на РСМ.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**
- учесник на конкурсот, правното лице ТРД „БУБА МАРА Ранко“ ДООЕЛ Скопје;
- управителот на правното лице ТРД „БУБА МАРА Ранко“ ДООЕЛ Скопје;
- Агенцијата за електронски комуникации;
- директорот на Агенцијата;
- сите сектори/служба во Агенцијата и
- назначените лица за водење на Уписникот за предметите по првостепената постапка во Агенцијата (Уп1).